FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

БЛУПРИНТ ГРУПА
за реформи во правосудството

КАКО ДА СЕ ВРАТИ ДОВЕРБАТА НА ГРАГАНИТЕ ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РСМ?

Помеѓу статус кво и корените реформи



Препораки за унапредување на правната и институционалната рамка во која дејствува Судскиот совет на РСМ

I. ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ – РЕФОРМИТЕ ПРОДОЛЖИЈА, ПРОБЛЕМИТЕ ОСТАНАА

Судскиот совет на РСМ (во понатамошниот текст ССРСМ), првично како Републички судски совет, е правосуден орган, кој беше воспоставен со Уставот на Република Македонија од 1991 година, чија основна надлежност беше на Собранието да му предлага избор и разрешување на судии, да утврдува предлог за разрешување од судиска функција, да одлучува за дисциплинска одговорност на судиите и да ја оценува стручноста и совесноста на судиите во вршењето на нивната функција[1]. Републичкиот судски совет со амандманите на Уставот од 2005 година се преименува и се трансформира во самостоен и независен орган на судството, кој самостојно избира и разрешува судии, ја следи нивната работа и одлучува за дисциплинска одговорност на судиите. Преку овие надлежности, ССРСМ треба да ја врши и својата основна функција, а која се однесува на обезбедување и гарантирање на самостојноста и независноста на судската власт. Со цел да се обезбеди рамнотежа на моќта на овој орган, беше предвиден мешовит состав, 8 члена што ги избираат судиите на непосредни избори, додека 5 члена ги избира Собранието на Република Северна Македонија, од кои три члена по оглас и два члена по предлог на претседателот на Република Македонија од редот на универзитетските професори по право, адвокатите и други истакнати правници.[2] Преостанатите два члена по функција, се претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија и министерот за правда.

Сепак, и покрај избалансираниот состав на ССРСМ, каде што судиите го имаат мнозинството во овој орган, уште од самото редефинирање, работата на овој орган постојано беше предмет на сомневања за влијанија од извршната власт и политички структури, за вршење притисок врз судиите преку надлежноста да избира судии во повисоки судови и особено преку моќта да разрешува. Овие слабости беа нотирани преку пресудите на Европскиот суд за човековите права, но и конкретно во *„Извештај на Прибе“*. Со цел да се надминат овие слабости, беа спроведени низа реформи и измени на закони[3] меѓутоа довербата на граѓаните во судството и, посебно, во ССРСМ постојано бележеше тренд на опаѓање. Поради тоа, во 2019 година, Собранието на Република Северна Македонија донесе нов Закон за Судскиот совет на Република Македонија, кој имаше цел да се отстрани можноста за политичко влијание врз ССРСМ, а преку него и на судството во Македонија. Имено со овој закон беше одземено правото на глас на членовите по функција и Претседателот на Врховниот суд на РСМ.

Сепак, и по една екстензивна, но многу брза легислативна интервенција, политичкото влијание воопшто не беше превенирано, напротив, беше зголемено од неколку причини.

1 Член 105 од Уставот на Република Македонија (СВРМ 52/91)

2 Амандаман XXVIII (СВРМ)

3 Првиот Закон за Судскиот совет на Република Македонија од 2006 година беше менуван во шест наврати по што беше донесен нов закон во 2019 г., кој досега беше изменет еднаш. Паралелно беше донесен и посебен Закон за советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија во 2015 г., со што дел од функцијата во однос на утврдување дисциплинска одговорност беше привремено пренесена во ова посебно тело, кое се укина во 2019 година.

Сепак, и по една екстензивна, но многу брза легислативна интервенција, политичкото влијание воопшто не беше превенирано, напротив, беше зголемено од неколку причини. Прво, за членови на ССРСМ од страна на Собранието беа избрани членови што воопшто не можеа да се сметаат за „истакнати“ правници, бидејќи воопшто не ѝ беа познати на правната заедница, а со тоа ниту уживаа углед во правната заедница, бидејќи доаѓаа од државната администрација, без конкретно искуство во правосудството, или доаѓаа од редот на стручните соработници од основни судови.

Оттука, состојбата на постојан политички притисок во ССРСМ, која со години се напластуваше, ескалира во два моменти. Првиот момент беше оставката на претседателката на ССРСМ, која дојде од редот на стручните соработници, поради „притисок од политичко-бизнис елити“, што, по оставката, ниту беше истражено ниту елаборирано. Вториот момент беше ескалацијата на 26 април оваа година, кога, спротивно на Законор за судскиот совет на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Законот за Судски совет) и Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија (понатаму во текстот: Деловникот), беше разрешена претседателката на ССРСМ, во отсуство на уредена постапка за разрешување и без потребното мнозинство. Водечки правни експерти, професори по право и граѓански организации укажаа на флагрантната повреда, меѓутоа мнозинството од членовите на СССРСМ останаа глуви на забелешките. Наместо ретерирање, членовите на Советот на 4 мај 2023 година ја „озаконија“ својата одлука со повторна повреда на одредбите од Законот за Судски совет и Деловникот во однос на исклучувањето на јавноста од седниците на ССРСМ и обезбедување еден глас плус. Дел од граѓанските организации побараа оставка од членовите заради губењето на легитимитетот со свесното постапување спротивно на законот. Дека во ССРСМ се случуваат одредени незаконски процеси беше докажано и со оставките на два члена избрани од судиите во почетокот на јуни 2023.

На 13 јули 2023 година се одржаа избори за два члена на ССРСМ од редот на судиите. Резултатите од спроведените избори од листата на кандидати од Врховниот суд на РСМ покажаа уште една системска слабост во моделот за избор на членови на ССРСМ. За еден од кандидатите што беше избрани гласот го дале само шест судии од вкупно 16 судии запишани во Судскиот изборен именик во овој суд. На изборите гласале 13 судии, од кои мнозинството (седум) дале неважечки гласачки ливчиња. Оваа состојба беше дополнително обременета и со тоа што нелегитимно избраниот член на ССРСМ од редот на Врховниот суд на РСМ, по неколку дена поднесе неотповиклива оставка поради тоа што требаше да се изврши избор за судија на член од неговото семејство.

Како најочигледен факт дека ССРСМ од 26 април работи без легитимитет и спротивно на законот, е тоа што на огласот за избор на член на ССРСМ од редот на Врховниот суд на РСМ, согласно Одлуката на ССРСМ од 27 јули, по двете последователни оставки во период од помалку од два месеци, не се пријавил ниту еден од судиите на Врховниот суд на РСМ.

Блупринт-групата за реформи во правосудството (понатаму во текстот: Блупринт-групата) ги следеше будно сите случувања и во неколку наврати ја изрази својата загриженост околу развојот и ескалирањето на состојбите во работењето на ССРСМ. Како единствен излез од состојбата, Блупринт-групата побара оставка од сите чле-

нови на ССРСМ и избор на нови членови во транспарентна постапка. Како група организации што подолго време ја следат работата на ССРСМ, сметаме дека почитувањето на законот при секојдневното работење на една институција треба да биде императив во нејзиното работење, а особено кога станува збор за ССРСМ, кој ја обезбедува и ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт согласно Уставот на РСМ, како и да води сметка за законитоста во постапувањето и за владеење на правото.

Во време кога довербата во судството е на незавидно ниско ниво, нужно е ССРСМ да биде стожер на судската власт преку обезбедување и гарантирање на самостојноста и независноста на судската власт. Паралелно постои и нужноста да биде институција во која судиите и граѓаните ќе имаат голема доверба, а не институција што ниската доверба дополнително ќе ја руинира поради непочитување на законите и произволно постапување, со што директно го поткопува уставниот и правниот поредок во Република Северна Македонија (РСМ). Во таа насока е и мислењето на Советодавното тело на европските судии (ССЈЕ Мислење бр. 24 од 2021), според кое судските совети мора да ја заслужат јавната доверба преку беспрекорна работа извршена на одговорен и транспарентен начин.

Во овој документ е даден преглед на случувањата во ССРСМ во првата половина од 2023 година, за кои во овој период беа изнесени голем број критики од стручната јавност.

Последната Проценка на ризиците од корупцијата во правосудството од јуни 2023 година на Мисијата на ОБСЕ во РСМ прави споредба со претходното истражување од 2009 година. Од споредувањето произлегува дека постои пораст на обидите да се влијае на судиите од нивни колеги судии, од судиите од повисок ранг или од членовите на ССРСМ. Проценката ја нотира и значителната недоверба во ССРСМ успешно да ја штити судската независност. Овие случувања, за жал, ќе остават црна дамка врз правосудството во целина иако одговорноста е, пред сè, кај членовите на ССРСМ и дополнително негативно ќе влијаат на довербата во правосудството, која и така е на незавидно ниско ниво.

КАКО ЕДИНСТВЕН ИЗЛЕЗ ОД СОСТОЈБАТА, БЛУПРИНТ-ГРУПАТА ПОБАРА ОСТАВКА ОД СИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ССРСМ И ИЗБОР НА НОВИ ЧЛЕНОВИ ВО ТРАНСПАРЕНТНА ПОСТАПКА.



Во овој документ е даден преглед на случувањата во ССРСМ во првата половина од 2023 година, за кои во овој период беа изнесени голем број критики од стручната јавност. Документот прави обид да ги идентификува проблемите, да ги анализира постапките на ССРСМ, како и да даде одговор на прашањата: Дали врз легитимитетот на ССРСМ да продолжи да ја врши својата функција е фрлен сомнеж?; Дали постои можност за излез од ваквата неповолна ситуација?; Како и на кој начин ваквата неповолна состојба може да влијае на иднината?

II. ШТО СЕ СЛУЧИ ВО СУДСКИОТ СОВЕТ?! – СЛАБОСТИТЕ ИСПЛИВАА НА ПОВРШИНА

Разрешувањето на претседателката на Судскиот совет на РСМ спротивно на Законот за Судскиот совет и Деловникот за работа на ССРСМ

На 26 април 2023 година, на 439-тата седница на ССРСМ, заменик-претседателот на ССРСМ, Селим Адеми, побара, спротивно на Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ, по усвојување на дневниот ред, да биде вметната точка за разрешување на претседателката на Судскиот совет, која на истата седница беше и разрешена. Во отсуство на законски уредена постапка за разрешување на претстедател или член на Судски совет, на седницата се пристапи кон гласање, по што со седум гласа „за“ претседателката беше разрешена. Јавноста го забележа инсистирањето на одредени членови на ССРСМ да се внесе точка на дневен ред и истовремено да одлучуваа по истата точка без притоа да се почитува Законот за Судскиот совет. Во овој закон не е предвидена постапка за разрешување на претседател на ССРСМ. Недоволното регулирање на одредени законски одредби не значи и несоодветно постапување, односно произволно толкување на постојните одредби. Одговорноста на член на Судскиот совет е предвидена во Законот за Судскиот совет, со конкретни одредби за дисциплинска одговорност и преку наведување на основите во барањето за поведување дисциплинска постапка.

Во ниту една одредба од законот не е предвидена постапка за разрешување на претседателот на ССРСМ или за разрешување на негов член по друга основа освен кога се работи за утврдување дисциплинска одговорност. Дополнително, ниту Деловникот не содржи одредби што ја уредуваат постапката или причините за разрешување на претседател на Советот, што значи дека правна основа за донесување на одлуката за разрешување на претседателката на ССРСМ не постои. Блупринт-групата што учествува во работната група за подготовка на новата развојна стратегија за правосудството укажа на овој недостаток и ја посочи потребата од регулирање на самата постапка на одговорност на член на Судски совет. Дури и покрај тоа што не постои уредена постапка, не беше по аналогија задоволен и условот мнозинството со кое се избира да биде истото мнозинство со кое се разрешува.

Доколку намерата на седницата одржана на 26 април 2023 година била да се разреши претседателката на ССРСМ користејќи ја аналогијата на постапката за разрешување на судија, сепак самиот чин на разрешување е спорен

Доколку намерата на седницата одржана на 26 април 2023 година била да се разреши претседателката на ССРСМ користејќи ја аналогијата на постапката за разрешување на судија, сепак самиот чин на разрешување е спорен. Причината за ова е регулацијата во Законот со која се предвидува дека за разрешување судија потребно е да гласаат 8 члена од присутните членови со право на глас. Во конкретниот случај гласале 7 члена без претходна дискусија и без запазување на постапката што се применува за разрешување на судија. Истото се однесува и за предвидената постапка за разрешу-

вање на член на Советот. Согласно член 35 став 6 и 7 од Законот, одлука за разрешување на член на Советот носи Советот со најмалку осум гласа од членовите со право на глас, при што за разрешувањето мора да гласале најмалку двајца членови избрани од Собранието на РСМ. При носење на одлуката, меѓу другото, не гласа членот што го поднел барањето за дисциплинска одговорност. И во досегашното работење на ССРСМ, на јавните седници имало несогласување помеѓу членовите околу одредени законски одредби, особено кога тие не биле јасно и концизно предвидени во закон или подзаконски акт, но никогаш не се случило ССРСМ да донесе одлука спротивно на Законот и Деловникот.

Озаконувањето на разрешувањето на претседателката на Судскиот совет преку незаконито исклучување на јавноста

На 4 мај 2023 година, во период од помалку од четири часа, ССРСМ одржа дури три одделни седници на кои, наместо да ги исправи повредите сторени на седницата на 26 април 2023 година, продолжи со практиката на повреда на одредбите од Законот и Деловникот, сето тоа на штета на владеењето на правото. Во две од трите одржани седници беше незаконито исклучена јавноста со повикување на чл. 39 ст. 2 од Законот. Според оваа одредба, јавноста може да биде исклучена единствено и само *„заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија“,* што не беше конкретно случај. Меѓучовечките односи помеѓу членовите на ССРСМ не се и не можат да бидат основа за исклучување на јавноста. Во конкретниот случај не се работеше за приватни односи помеѓу вработени лица, туку за односи помеѓу носители на јавна функција, членови на колективен орган со особено значајни уставни надлежности. Поради тоа, ССРСМ како институција не треба да биде заложник на меѓучовечките односи на неговите членови.

Озаконувањето на разрешувањето на претседателката на Судскиот совет преку свикување седница за избор на нов претседател вон работно време на Советот

Согласно член 38 од Законот и член 11 од Деловникот, денот на одржување на седница на Советот се објавува на веб-страницата на Советот веднаш по закажување на седницата, истовремено со доставување на поканата до членовите на Советот. Поканата се доставува најмалку 7 дена пред денот на одржување на седницата, но постои можност поради итни и неодложни работи седницата да се закаже и во пократок рок. Седницата на која е избран новиот претседател беше свикана од заменик-претседателот на ССРСМ на невообичаен начин вон работното време на Советот, петнаесетина минути пред самиот почеток на седницата, што е директно прекршување на законските одредби што се однесуваат на транспарентност и јавност во работата на Советот.

Индикативно е тоа што четворица од членовите на Судскиот совет на РСМ што не се судии беа дел од мнозинството на 26 април 2023

Согласно Уставот и Законот за Судскиот совет на РСМ, пет члена избира Собранието на РСМ, од кои двајца се на предлог на претседателот на РСМ. Четворица од петте избрани члена на ССРСМ од страна на Собранието (со исклучок на Весна Дамева) беа поддржувачи на одлуката од 26 април 2023 година за разрешување на претседателката на Советот. Тогаш разрешената претседателка Дамева пред

јавноста изнесе тврдења дека ваквата одлука е донесена по политички притисок. Оттогаш, во јавноста има дилема дали до оваа состојба во ССРСМ дојде по основа на политички влијанија врз членовите што не доаѓаат од редот на судиите. Особено имајќи предвид што Собранието континуирано за членови на ССРСМ не избира лица што се универзитетски професори по право, ниту, пак, адвокати (со еден исклучок), туку со злоупотреба на поимот „истакнат правник“ за членови се избираат лица чија професионална биографија и квалификација не се соодветни за мошне стручната и одговорна функција што ја имаат членовите на Судскиот совет. Уште повеќе, значителен дел од членовите што се избрани на овој начин доаѓаат од раководни функции во јавната администрација, поради што постои оправдан сомнеж дека се работи за лица поврзани со политички партии.

Оставките на двајцата членови на Судскиот совет избрани од редот на судиите на 6 јуни 2023

Тринаесет дена по „озаконувањето“ на разрешувањето на претседателката на Судскиот совет, двајца членови поднесоа оставка од својата функција како членови на советот. Станува збор за членови избрани од редот на судиите: судија од апелационото подрачје Скопје и судија на Врховен суд на РСМ. Во врска со нивните оставки, на почетокот на јуни ССРСМ донесе и објави во „Службен весник на РСМ“ решенија за престанок на мандатот на членовите по нивно сопствено барање. Како образложение за поднесените оставки во јавноста беа дадени: незаконското разрешување на претседателката Весна Дамева, недоволната транспарентност на ССРСМ кога Врховен суд побарал списи од разрешување на судии, непочитување одредби за избор на кривични судии во кривичен оддел на Врховен суд и Апелационен суд Гостивар, несогласувања во ССРСМ, нефункционалноста на телото, „огромна нетрпеливост“ што не може да се надмине и сл.

Запирање на постапка за утврдување нестручно и несовесно работење непосредно пред утврдување кандидатска листа

Со цел да се пополнат испразнетите места, Советот спроведе постапка за избор на нови членови во ССРСМ од редот на судиите. Непосредно пред утврдување на кандидатските листи, Судскиот совет донесе одлука за запирање на постапка за утврдување нестручно и несовесно работење на еден кандидат за вршење на судиска функција. Ваквото постапување предизвика реакции во јавноста, од причина што процедурално, постапката за утврдување на нестручно и несовесно работење е итна и роковите за нејзино спроведување се утврдени во Законот за ССРСМ. За разлика од вака јасно утврдената законска регулација, Советот подолго време нема донесено каква било одлука за поднесеното барање против судија или претседател на суд во врска со вршење на нивната функција, а постапката ја запре еден ден пред утврдување на кандидатската листа за членови. Дополнително, одлуката не е ни јавно објавена за да може јавноста да се запознае со причините за запирањето на постапката за утврдување нестручно и несовесно работење на судијата или претседателот на судот.

Избор на кандидат без мнозинство од судиите што излегле да гласаат на изборите

На 13 јули 2023 година,се одржаа избори за два члена на ССРСМ од редот на суди-

ите. Резултатите од спроведените избори од листата на кандидати од Врховниот суд на РСМ ја покажаа уште еднаш вградената системска слабост во моделот за избор на членови на ССРСМ. За кандидатот што беше избран, гласот го дале само шест судии од вкупно 16 судии запишани во Судскиот изборен именик во овој суд. На изборите гласале 13 судии, од кои мнозинството (седум) дале неважечки гласачки ливчиња. Ваквиот начин на произнесување на судиите од овој суд можеме да го сметаме за еден вид бојкот на изборите. Мнозинството од судиите на Врховниот суд не го поддржа кандидатот. Со ова оправдано се наметнува прашањето за легитимитетот на изборот на членот имајќи предвид дека мнозинството од судиите што излегле на гласање не го дале својот глас за избраниот кандидат. Оваа системска слабост произлегува од Законот за Судскиот совет на РСМ. Во него ниту е предвиден задолжителен цензус, кој треба да се исполни за да се сметаат изборите за успешни, ниту е дефинирано мнозинството што одреден кандидат/ка треба да го исполни за да се смета за избран/а. Овие два елемента се суштествени за да се обезбеди легитимитет на избраните лица.

Непријавување на кандидати за член на ССРСМ од страна на судиите од Врховниот суд на РСМ

ССРСМ на 27.7.2023 година донесе Одлука за објавување оглас за избор на член на Судски совет на РСМ од редот на судиите од Врховен суд на Република Северна Македонија, кој требаше да се спроведе во август 2023 година. Но, на овој оглас ниту еден од судиите во Врховниот суд на РСМ не се пријави, што претставува преседан кој е директен резултат од ефектот на незаконско постапување на актуелниот состав на ССРСМ.

Сериозни критики од амбасади, разочараност на ЕУ и најави за Оценска мисија за оценување на работата на ССРСМ

Нелегитимноста на највисокото судиско тело ја истакна и холандскиот амбасадор во Скопје, Н.Е. Дирк Јан Коп, што било причина да ја стави „во мирување“ поддршката за зајакнување на ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на ССРСМ до 2024 година. Стејт департментот во последниот извештај за човековите права забележува сериозна корупција во власта, отсуство на судска независност, несоодветно однесување во судството, политички и деловен притисок врз судии, влијанија врз довербата на јавноста во владеење на правото. „Транспаренси интернешенал“ издаде Индекс на перцепција на корупција во јануари 2023 година, во кој е забележано дека недостасува интегритет при избор на клучни фигури во судство и неефикасно водење на тековни случаи на корупција. Крајно, вредна да се спомене е и изјавата на Н.Е. Дејвид Гир, амбасадор на ЕУ во РСМ, кој ја истакна својата загриженост за независноста, професионализмот и интегритетот на судството. Како решение го истакна предлогот за назначување советодавна група како Оценска мисија за да спроведе оценување на работата на ССРСМ.

Со последните случувања овој состав на Судскиот совет го загуби легитимитетот да ги врши особено значајните надлежности доверени со Уставот на РСМ

Како последица на сите случувања опишани во овој документ, со право се смета дека ССРСМ го загуби целосно легитимитетот да избира, оценува и разрешува судии. Легитимитетот, покрај од Уставот, во суштинска смисла треба да извира, пред

сè, од стручноста, професионалноста и интегритетот на членовите на овој орган, кои со своето познавање на правото треба да бидат пример за севкупната правосудна фела, особено кога станува збор за судии и истакнати правници. Оценувањето на работата на судии, кое претставува единствен случај на проверка на работата на носителите на власт во РСМ од аспект на стручност и професионалност, треба да го вршат исклучиво лица што со своето професионално искуство и знаење покажале дека се стручни и независни, а не лица што се обидуваат да ги заобиколат законите за да остварат одредена цел, која не е поврзана со правото и за која оправдано постои сомнеж за политички влијанија.

III. КОЈ Е ПАТОТ КОН ВРАЌАЊЕ НА ДОВЕРБАТА ВО СУДСКИОТ СОВЕТ?

1. Поднесување оставка од членовите на Судскиот совет на РСМ

Прв чекор кон суштински реформи е поднесување оставка од страна на сите членови на ССРСМ. Со развојот на настаните од последните три месеци, флагрантните повреди на правото, ненавременото постапување по претставки за несовесно постапување и дисциплинска одговорност, изборот во повисоки судови независно од рангирањето, овој состав на ССРСМ неповратно го загуби легитимитетот да ја врши функцијата и ја загуби довербата од јавноста. Поднесување оставка е личен чин и не е возможно во закон да се предвидат сите можни опции зошто и кога некој би поднел оставка од одредена функција. Оставката е знак на високи морални и етички квалитети на секоја личност што има голем интегритет, особено кога се врши јавна функција, а при тоа почитувајќи ги принципите на транспарентност, отчетност, правичност, непристрасност, градење доверба кон граѓаните, што е дел и од Кодексот на членовите на Судскиот совет донесен уште 2010 година.

Одлука за разрешување се носи со најмалку осум гласа од членовите со право на глас при што за одлуката мора да имаат гласано најмалку два члена избрани од Собранието на РСМ

Идејата со закон да се овозможи да се прекине мандатот, која беше лиферувана во јавноста, би била спротивна на Уставот. Траењето на мандатот на членовите на ССРСМ е предмет на уредување на Уставот и со закон нивниот мандат не може да биде прекинат. Какво било законско решение со кое на постојните членови би им престанал мандатот по сила на закон, без соодветна постапка за разрешување, би било спротивно на Уставот. Уставот ја дава можноста член да биде разрешен врз основа и во постапка уредени со Закон.

Законот за Судскиот совет од 2019 г. прв пат предвиде основи и постапка за разрешување на член на ССРСМ. Сепак, начинот на кој е уредена постапката е неприменлив во случаите кога дисциплинска постап-

ка би била поведена против повеќе членови на Судскиот совет за дејство што е сторено заеднички. Одлука за разрешување се носи со најмалку осум гласа од членовите со право на глас при што за одлуката мора да имаат гласано најмалку два члена избрани од Собранието на РСМ. Од друга страна, пак, од гласањето се изземени членот против кој е поведена постапката и членот што ја повел постапката (ако постапката е поведена од член на Советот). На овој начин значително се стеснува можноста да биде спроведена постапка за разрешување.

Од друга страна, самиот закон предвидува можност да се покрене постапка за одговорност на член на ССРСМ од 20 судии, но оваа постапка не е доволно разработена, не е наведен начинот од каде би потекнала иницијативата за покренување одговорност, како би се водела самата постапка и дали ова се однесува само на членовите на ССРСМ што се избрани од редот на судиите или за сите членови. Ако разрешувањето го прави тој што избира, во тој случај во законот исто така не е прецизирано кое тело би ја иницирало постапката за покренување одговорност на членовите на ССРСМ предложени од претседателот на РСМ и од Собранието на РСМ, со оглед дека пратениците само гласаат по веќе предложените кандидати. При вака нерегулирана постапка, разбирливо е зошто судиите или некое друго тело не пристапија кон покренување одговорност на членовите на ССРСМ.

2. Измени на Законот за Судскиот совет со кои ќе се измени постапката за избор на членови како од редот на судиите, така и од страна на Собранието, како и воспоставување ефикасна постапка за утврдување дисциплинска одговорност на членовите на Советот

Следен чекор би биле измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет. Овие измени би се однесувале на прецизирање на повеќе одредби во законот по однос на одговорноста на членовите на ССРСМ, постапката за избор на членови на ССРСМ, како од редот на судиите, така и од редот на истакнатите правници, а сето тоа од причини што во тригодишната примена на новиот закон веќе се регистрирани пропусти што можат да имаат последици по независното и непристрасното работење на ССРСМ. За да се осигури дека членовите на Советот што се избираат од редот на судиите го имаат легитимитетот да ги претставуваат судиите што ги избрале, неопходно е тие да се изберат на демократски начин. Ова опфаќа два клучни елемента. Првиот е воспоставување задолжителен цензус, т.е. минимален процент на излезеност на судиите со цел изборите да бидат валидни. Висината на цензусот треба да биде предмет на дебата и да обезбеди баланс помеѓу потребата од демократичност, од една, и потребата да се спречи блокирање на изборниот процес, од друга страна. Вториот и позначаен елемент е утврдување неопходно мнозинство за да се смета дека кандидатот е избран. Мнозинството може да биде изразено процентуално или како мнозинство во

Сметаме дека еден од начините за враќање на довербата и зачувување на интегритетот на ССРСМ е избор на нов состав на членови избрани во законска и транспарентна постапка.

висина од повеќе од половина од лицата што гласале. На овој начин ќе се обезбеди суштинска поддршка на судиите врз кандидатот кому ја довериле улогата да биде член на ССРСМ.

Понатаму, во однос на кандидатите што ги избира Собранието на РСМ (вклучувајќи ги и кандидатите што ги предлага претседателот на РСМ), неопходно е да се воспостави т.н. претходна проверка, во која би била вклучена проширена седница на Врховниот суд на РСМ, на која покрај сите судии на Врховниот суд на РСМ ќе учествуваат и претседателите на сите судови во РСМ. Постојат компаративно повеќе модели во кои овие субјекти даваат необврзувачко мислење во однос на кандидатите, кое пратениците треба да го земат предвид при изборот на кандидатот. Дополнително, постапката при избор треба да вклучува и задолжително интервју пред надлежното работно тело во Собранието. На интервјуто треба да можат да учествуваат со прашања и претставници на претходно споменатите субјекти, како и граѓанските организации. Во однос на ова прашање може да се искористи моделот што е воспоставен за избор на членови на Државната комисија за спречување на корупција, како и Комисијата за заштита од дискриминација. Или друга опција е да се смени целиот начин на предлагање и избор на „несудските“ претставници во ССРСМ.

Дополнително, неопходно е ревидирање на постапката за утврдување дисциплинска одговорност за член на ССРСМ. Постојниот модел, воспоставен во 2019 г., иако воспоставува основи и постапка, сепак е неприменлив во практиката, особено кога одредена дисциплинска повреда е сторена од повеќе членови. Правилата на гласање што бараат формирање комисии, како и изземање оневозможуваат водење дисциплински постапки. Дополнително, треба да се засили можноста на субјектите што ги избрале членовите да бараат одговорност за нивното дејствување. Исто така досегашната пракса покажува дека и за член за ССРСМ, за кој е покренатa кривична постапка, немаше волја од страна на Советот да го оддалечи од вршење на функцијата член, ако заради ништо друго, тогаш заради довербата кон граѓаните за негово непристрасно и независно одлучување.

3. Спроведување избори согласно законските измени на транспарентен и одговорен начин

Сметаме дека еден од начините за враќање на довербата и зачувување на интегритетот на ССРСМ е избор на нов состав на членови избрани во законска и транспарентна постапка. Новите членови на ССРСМ, кои ќе бидат избрани од редот на судиите, потребно е да бидат судии со интегритет и да поседуваат високи морални и етички квалитети. Особено ја истакнуваме потребата кандидатите за членови што ги избира Собранието на РСМ да доаѓаат од редот на истакнати правници, кои имаат докажано долгогодишно искуство во работата, кои се препознаени во правната професија и за кои не постои никаква основа за сомнеж за нивна политичка или лична поврзаност со сегашни или поранешни носители на јавни и политички функции. За нов состав на ССРСМ, другите членови потребно е да го преиспитаат своето досегашно постапување и да ја покажат и докажат својата професионална етика и морал со што ќе ја исполнат својата должност кон функцијата што ја вршат и ќе ја поднесат својата оставка.



Забелешка: „Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество - Македонија“.